CROATIA®
осигурување/живот

**ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПРАВНИК**

Поради проширување на нашиот тим ги охрабруваме да аплицираат сите кои сакаат да бидат дел од Кроациа Осигурување АД Скопје -Друштво за осигурување на живот, компанија која е лидер на пазарот за животно осигурување и претставува синоним за сигурност и квалитет во работењето.

Ова е Вашата вистинска можност за креирање на кариерата која што ја посакувате!

**Потребни квалификации:**

- Завршено високо образование – Правен факултет со положен правосуден испит;
- Минимум 5 години работно искуство на правни работи од релевантната област, со предност искуство во осигурителен сектор;
- Одлично познавање на позитивната законска регулатива, особено во делот на осигурување, облигационо и трговско право;
- Искуство во изготвување, анализа и ревизија на договори и други правни акти
- Способност за самостојна и одговорна работа;
- Високо ниво на професионалност, аналитичност и доверливост;
- Одлично познавање на работа со компјутер (MS Office);
- Одлично познавање на англиски јазик;

**Работни обврски :**

- Ги следи промените и развојот на регулативата;
- Анализира и известува за промени во регулативата до Генерален Директор и менаџментот на Друштвото, а по потреба и до Одборот на директори;
- Го следи усогласувањето и дава препораки и известувања за детектирани неусогласености со прописите;
- Дава правни мислења;
- Се грижи за усогласеноста на работењето на Одборот на директори и на Друштвото со законските прописи;
- Помага во организирањето на состаноците на Одборот на директори и Одборот за ревизија (дневен ред, информирање, материјали, оценување односно следење на имплементацијата на одлуките на Одборот на директори и Одборот за ревизија, и слично);
- Одговорен е за организацијата на Собранијата на акционери;
- Правно застапување на Друштвото;
- Координација со надворешните адвокатски друштва;
- Одговорен е за координација на подготовката и промената на интерните акти со цел да се обезбеди само важечките интерни акти да бидат достапни за користење во Друштвото;
- Развива продажна тактика и стратегија во координација со Генералниот директор;
- Комуникација и соработка со надлежни институции и деловни партнери.

**Компанијата нуди:**

- Стабилно и долгорочно вработување;
- Конкурентни услови согласно квалификациите и искуството;
- Професионална работна средина;
- Програма за бенефиција (бонус и осигурување);

КАКО НАЈЛЕСНО ДА СТИГНЕТЕ ДО НАС?

Ве охрабруваме да ни испратите Ваша Биографија (CV), најдоцна до 31.01.2026 година на e-mail адреса: kariera@cro.mk, со назнака: Пријава за вработување – ПРАВНИК.

**Сите апликации за вработување ќе бидат третирани како строго доверливи**.

Со праќањето на апликацијата за вработување, се согласувате Вашите лични податоци да бидат користени за пополнување на слободните работни места во рамките на Кроациа Осигурување - Живот АД Скопје, сѐ додека не нѐ контактирате за да ја повлечете Вашата согласност. Доколку Вашите квалификации одговараат на нашите потреби, ќе Ви се обратиме за да Ве повикаме на разговор.